Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-739/5
16.05.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-739/5
16.05 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 63 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 31.03.2023 година | **Време** | 12.00 – 14.00 часот |
| **Бр. на седница** | 63 седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | / | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Букурије Јашари | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 24.2.2023 година.
2. Подготовка на седмиот DESI Извештај на НКБК.
3. Дискусија во врска со "Final DESI 2022 Report" на Западен Балкан и коментарите на RCC во однос на доставените коментари на НКБК за истиот.
4. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 63-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 62-та седница, одржана на 24.02.2023 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка - Подготовка на седмиот DESI Извештај на НКБК претседателот на телото, Димитар Буковалов, ги информираше присутните дека од страна на Агенцијата се доцни со податоците кои се побарани, а се потребни за подготовка на извештајот.

Тој исто така се осврна на Билатералниот Скрининг за поглавје 10 одржан на 21.3.2023 година во Брисел на кој било информирано дека од страна на АЕК е започната постапка на ажурирање на бели, сиви и црни области во државата и покривањето на територијата на МКД со VHCN мрежи.

Ажурирањето на зоните е исто така неопходно согласно добиената информација дека на 14.05.2023 е планирано потпишување на договор со консултантска куќа задолжена за изработка на Студијата за изводливост за развој на НТОМ.

**Заклучок:** Членовите на НКБК едногласно одлучија за пролонгирање на рокот за изработка на седмиот DESI Извештај.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамки на третата точка од дневниот ред - Дискусија во врска со "Final DESI 2022 Report" на Западен Балкан и коментарите на RCC во однос на доставените коментари на НКБК, од страна на членот Славица Настеска беше даден осврт на документот, по што телото го донесе следниот заклучок:

**Заклучок:**

НКБК искажува резерва кон одредени објавени податоци за димензијата „Поврзливост" во Извештајот. Ова од причина што НКБК има дадено забелешки на пред-финалната верзија на извештајот од кои еден дел беа прифатени, но поголемиот дел не беа прифатени. И покрај предлогот на НКБК да се разјаснат одредени забелешки пред објавување на извештајот, RCC сепак го објави извештајот.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Не се отвори дополнителна дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________